# ОД ИЗВЕШТАЈОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДРУШТВОТО НА МАТЕМАТИЧАРИТЕ И ФИЗИЧАРИТЕ НА НРМ

*поднесен на* VII *годишно собрание на ден* 2. XII. 1957 *за изминатиот период од* 1. XII. 1956 *г. до* 1. XII. 1957 *г.*

Минатото годишно собрание постави пред новоизбраниот управен одбор како најважни во следната година задачите:

1) Зачленување на сите наставници по математика и физика од нашата република во ДМФ на НРМ и формирање на секции во поголемите градови каде што има доволен број наставници за тоа, покрај секциите во Скопје и во Битола.

2) Давање помош на наставниците, а специјално на тие од осмолетките, во усовршувањето своето стручно знаење преку курсеви.

3) Побудување кај учениците во школите интерес кон предметите математика и физика.

4) Проширување ни издавачката дејност на Друштвото со тоа што покрај издавањето на „Билтенот" да се преведат и некои интересни за наставниците книги.

5) Соработување со Советот за школство при разгледувањето на плановите и програмите за школите по предметите математика и физика.

6) Проширување врските меѓу нашето Друштво и друштвата на другите републики во ФНРЈ.

Во врска со првата и најважна задача многу не се отишло напред. Пракса е на писмата од управниот одбор до поедини секции и наставници да не се одговара, со што се нема преглед и за работата на истите. Во поголемите центри (Битола и Прилеп) некои особени промени нема, а во помалите центри се уште не се формирани секции. За сето ова, покрај членовите на Пленумот на нашето Друштво, кои директно беја задолжени од годишното собрание за тоа, извесна одговорност има и управниот одбор, бидејќи истиот своите настојувања ги ограничи само на две писма до членовите. Секако во иднина на тоа треба да се обрне повеќе внимание.

По втората задача ова лето беше успешно изведен дваесетдневниот курс по математика за наставниците со неоформено образование во осмолетките. За посегувањето на релативно голем број посетители на овој курс секако помогна апелирањето од ДМФ на неколку пати директно на Советите за просвета при околиските народни одбори за осигурување материјални средства на учесниците на курсот. Исто така до овие Совети беше апелирано и со цел да се стабилизира наставата по математика и по физика во осмолетките, а инспектирањето на овие предмети да биде поверено само на стручни лица. За проширување стручното знаење кај своите членови во Скопската секција се одржани две стручни предавања.

И оваа година, со цел да се подбуди интерес на учениците кон математиката и физиката, беше одржан традиционалниот натпревар по математика за учениците од горните класови на средните школи. Треба да се одбележи дека оваа година бројот на учесниците во натпреварот беше преку очекуваниот, само со таа слабост што тие беја само од неколку центри (Скопје, Велес, Прилеп, Битола, Берово и Тетово). Исто така се покажа дека знаењето на учесниците беше многу неуедначено, што значи дека веројатно и информациите што тие ги добиле од своите наставници во врска со овој натпревар беа нееднакви.

Што се однесува до издавачката дејност на нашето Друштво, која зависи од материјалните свредства на Друштвото, истата мораше и оваа година да се сведе само кон издавањето на еден број на нашиот „Билтен".

Својата соработка со Советот за школство на НРМ нашето Друштво ја одвиваше со учество во дискусии за наставните планови и програми по математика и по физика за идните реформирани осмолетки и средни школи, како и давање предлог нацрти за истите. Во врска со тоа во Скопската секција беше одржан дводневен семинар, на кој во дискусијата беа разјаснети и пополнети ставови од предлогот плановите за идните реформирани осмолетки и гимназии. Покрај тоа Управниот одбор на ДМФ енергично протестираше до Советот за школство во врска со предлог правилникот за матурските испити, а спрема кој предметот физика е изборен предмет заедно со предметите хемија, биологија и географија. Исто така до Советот за школство е даден предлог за коригирање на некои ставови во врска со одбирањето на задачи за матурскиот испит по предметот математика.

Со цел да се олесни и помогне на членовите на нашето Друштво во снабдувањето со страни стручни книги, еден член од Управниот одбор на ДМФ ја има грижата околу нарачувањето и препраќањето на книгите на членовите. Овој начин на снабдување даде позитивни резултати.

На крајот треба да се истакне дека врските меѓу ДМФ на НРМ и другите друштва на математичарите и физичарите од нашата земја како и порано се ограничи на взаимното испраќање на записниците од заседанијата на управните одбори и пленуми.